Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 29. 7. 2021
02-1854/43

08-816
22. 07. 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 28.04.2021година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Географија- Модул – Географски информациски систем“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Природно – математички факултет, Институт за Географија при Универзитет на „ Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „ Географија- Модул – Географски информациски систем “, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Природно – математички факултет, Институт за Географија при Универзитет на „ Св. Кирил и Методиј“ - Скопје согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран географ – географски информациски системи од областа на Географија- Модул – Географски информациски систем /во меѓународен промет академски назив: Bachelor of Science in Geography-Geographycal information sistems.

4. Научно подрачје: Природно- математички науки;
Научно – истражувачко поле: 105 Географија.
Научно – истражувачка област: сите области од полето105.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 250 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.